Приватна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Бр. 88-0206/2022
27.09.2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 141 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021) и согласно членовите 37 и 99 од Статутот на Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје (во натамошниот текст: Бреинстер Некст Колеџ), Наставничкиот Совет на својата четврта седница одржана на 27.09.2022 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМИ ЗА СТРУЧНО И ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ

## Програми за стручно и професионално усовршување

### Член 1

Програмите за стручно и професионално усовршување се организираат заради усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењето, вештините и компетенциите за лични, општествени и професионални потреби, и не се сметаат за студии согласно законот за високо образование. Учесниците на овие програми немаат статус на студенти на Бреинстер Некст Колеџ .

На Бреинстер Некст Колеџ можат да се организираат различни програми на стручно и професионално усовршување (во натамошниот текст: програми) во рамките на концептот за доживотно учење.

### Член 2

Бреинстер Некст Колеџ покрај самостојно организирање на програми за стручно и професионално усовршување може да се јави и во улога на ко-организатор на програми за професионално усовршување, а кои се организирани од страна на други високообразовни установи, како и останати едукативни организации доколку истите се компатибилни со мисијата, визијата и целите на Бреинстер Некст Колеџ.

Организацијата на програмите може да биде во соработка и партнерство со: други високообразовни установи од земјата и од странство, бизнис заедницата, јавни и приватни институти и центри и други домашни и странски субјекти, заради зајакнување на вработливоста, компетитивноста и конкурентноста на младите и возрасните и обезбедување на систем за доживотно учење. Начинот и условите за организација, учеството во реализација на програмите, структурата на програмите, предавачите, цената на програмите, детално се уредуваат во Договор за соработка со партнерската институција.

## Форми и услови за организирање и права и обврски на лицата кои ќе ги посетуваат програмите

### Член 3

За да може успешно да се реализираат програмите, потребно е да се обезбедат просторни, кадровски, технолошки и други услови потребни за нивна реализација.

**Форми и услови за организирање и права и обврски на лицата
кои ќе ги посетуваат програмите
Член 3**

За да може успешно да се реализираат програмите, потребно е да се обезбедат просторни, кадровски, технолошки и други услови потребни за нивна реализација.
Програмите може да се организираат континуирано (за подолг временски период) или по потреба.
Право на посета на програмите имаат сите лица кои ги исполнуваат условите за упис на програмите, а кои се утврдени во процесот на прием и селекција за секоја програма поединечно.
Доколку за некои програми е потребно кандидатите да исполнуваат одредени предуслови, за упис, истите ќе бидат утврдени за секоја програма поединечно и објавени во конкурсот за упис.
Пријавувањето за овие програми може да се врши самостојно, преку партнерска организација или преку конкурс.
Учесниците на програмите плаќаат надоместок за посетување на програмите согласно Договор со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски. Надоместокот за посетување на програмите во зависност од пазарните услови ја определува органот на основачи. Надоместокот за посетување на програмите во зависност од пазарните услови може да го определи и партнерската организација во случаи кога Бреинстер Некст Скопје се јавува како ко-организатор на програмата.
Со програмата може да се предвиди и проверка на знаењата или изработка на завршен проект на лицата кои ги посетувале овие програми. По успешно завршување на програмите лицата кои учествувале на програмите се стекнуваат со потврда, односно сертификат кој го издава Бреинстер Некст Скопје, или Бреинстер Некст Скопје и партнерската организација.
Потврдата, односно сертификатот ја потпишуваат овластените лица.

**Структура на програмите
Член 4**

Програмите за стручно и професионално усовршување ги содржат следните елементи: цели на програмата, услови за упис и селекција на учесници, подготвителна предпрограма доколку е предвидена, содржина на програмата (модули и нивно времетраење), начин и распоред за реализирање на наставата, дополнителни активности (проекти, работилници, хакатони, студии на случај, работа за реална компанија), предавачи на програмата, алатки кои се учат со програмата, проверка на знаење, услови за успешно завршување на програмата, цена на чинење на програмата и начин на плаќање.
Програмите за стручно и професионално усовршување ги донесува Наставничкиот совет.

**Предавачи на програмите
Член 5**

Програмите кои се самостојно организирани од Бреинстер Некст Скопје ги реализира наставниот кадар на Бреинстер Некст Скопје вклучително но не ограничувајќи се на: наставниот кадар во редовен работен однос, наставниците кои се хонорарно ангажирани, експерти од практиката, визитинг професори од домашни и меѓународни универзитети,

лица ангажирани за клиничка настава под менторство на наставен кадар на Бреинстер Некст Скопје.

Програмите каде што Бреинстер Некст Скопје се јавува како ко-организатор се реализираат од наставниот кадар на Бреинстер Некст Скопје од став 1 на овој член и предавачи на партнерската организација. Бреинстер Некст Скопје има право да побара замена на предавачите на партнерската организација. Доколку не го побара истото на писмено од партнерската организација, се смета дека Бреинстер Некст Скопје ги одобрува предавачите на партнерската организација.

**Хонорар за ангажманот**
**Член 6**

Наставниците кои ќе учествуваат како предавачи ќе имаат право на хонорар од Бреинстер Некст Скопје или партнерската организација. Износот на хонорарот ќе се утврдува од случај до случај и ќе зависи од должината на модулите, комплексноста на модулите како и пазарните услови. Хонорарот се утврдува со Одлука на Генералниот менаџер или Директорот на Бреинстер Некст Скопје освен за случаите кога хонорарот на наставниците го покрива партнерската организација.

**Евалуација на програмите**
**Член 7**

Доколку програмите за стручно и професионално усовршување се компатибилни односно се дел од студиските програми на прв циклус на студии на Бреинстер Некст Скопје, во сертификатот се забележуваат бројот на стекнатите ЕКТС кредити и соодветниот назив на програмата.

На лице кое се стекнало со сертификат според програма која е дел од акредитирана студиска програма од прв циклус на студии на Бреинстер Некст Скопје може стекнатото стручно знаење и обука, изразено во кредити, да му се признае како дел од студиска програма на прв циклус на студии на Бреинстер Некст Скопје. Постапката за трансфер на кредити ја води Комисијата за трансфер на кредити согласно Правилникот за кредити и признавање на кредити.

Лицето кое се стекнало со стручно знаење и обука согласно овој член и има знаење стекнато од други форми на учење кое ќе биде соодветно евалуирано од Бреинстер Некст Скопје, може да ги продолжи студиите на првиот циклус на студии според студиската програма соодветна на стекнатите кредити и евалуираното знаење  и доколку ги исполнува законските услови за запишување на прв циклус студии. Евалуација на стекнатото знаење прави посебна Комисија за евалуација на стекнатото знаење и определување на оценка на лицата кои се стекнале со стручно знаење и обука на програмите на Бреинстер Некст Скопје која ја формира Наставничкиот совет.

**Член 8**

Правилникот стапува во сила со денот на негово усвојување од Наставнички Совет. Правилникот да се достави до директорот, генералниот менаџер, членовите на Наставничкиот Совет, администрацијата, и до архивата на Бреинстер Некст Скопје.

**Наставнички Совет на**
**Бреинстер Некст Скопје**
**Директор**
**М-р Анја Марија Макеска**